OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

Врз основа на членот 38 точка 2 од Статутот на Охридска банка АД Скопје, Собранието на Охридска банка АД Скопје, на седницата одржана на 28.5.2019 година, донесе

**ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА**
**за усвојување на Годишниот извештај**
**за работењето на Охридска банка АД Скопје во 2018 година**

1. Се усвојува Годишниот извештај за работењето на Охридска банка АД Скопје во 2018 година.

2. Извештајот за работењето на Охридска банка АД Скопје во 2018 година и писменото мислење во однос на него изготвено од страна на Надзорниот одбор се составен дел на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**СО бр. ___________**
**28.5.2019 г.**
**Скопје**

**Собрание на Охридска банка АД Скопје**
**Претседавач,**

____________________

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во согласност со членот 477 став 14 од Законот за трговските друштва (ЗТД), членот 93 став 9 од Законот за банките и со членот 70 став 9 од Статутот на Банката, органот на управување има обврска по завршувањето на секоја деловна година да изготви извештај за работата на друштвото во претходната деловна година.

Содржината на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година е определена со членот 384 став 7 од ЗТД.

Во годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година, органот на управување има обврска објективно да ги презентира и да ги објасни главните фактори и околностите што влијаеле врз определувањето на работењето, вклучувајќи ги и промените во окружувањето во чии рамки дејствува друштвото, одговорот на друштвото на тие промени и нивното влијание, политиката на вложувања за одржување и за поддршка на успешноста на работењето на друштвото, изворите на средства, управувањето со ризиците, големите зделки и зделките со заинтересирана страна, активностите за истражување и развој.

Годишниот извештај за работењето на Банката се поднесува за одобрување до Надзорниот одбор и за разгледување и усвојување до Собранието на Банката заедно со писменото мислење во врска со него изготвено од Надзорниот одбор.